ФЗОРСМ
FSSHRMV

# Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
# Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Број:---------------
--------------------- 2020 година
Скопје

**ДО:**
**Приватни здравствени установи–аптеки___________,**

**Копија до:**
**Фармацевтска комора на Македонија**

**Предмет: Известување со задолжение**

Почитувани,

Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, со воведување на електронскиот рецепт започна активностите за целосно спроведување на овој процес. Со новиот систем и начин на работа во реално време, се овозможува на товар на Фондот пропишување и издавање на лекови(за хронична терапија) без користење на хартиен образец на рецепт, односно негово евидентирање само во електронска форма. Со тоа се постигнува да се олесни работата на избраните лекари и фармацевти.

Врз основа на погоре наведеното, а со цел овозможување на правилна идентификација на сите учесници во овој процес, Ви укажуваме на тоа дека при издавање на секој поединечен лек, секој фармацевт и фармацевтски техничар од 01 август 2020 година, треба да го потпише еРецептот со електронски потпис. Поради тоа **потребно е во најкраток можен рок секој учесник во процесот на издавање на лекови да обезбеди квалификуван дигитален сертификат (токен).**

Со користење на квалификуваниот дигитален сертификат за потпишување на еРецептите при издавање на лекови на рецепт на товар на Фондот од страна на фармацевтот и фармацевтски техничар, заедно со временски жиг и електронски печат на установата, ќе се овозможи правна валидност на електронските рецепти .

Воедно укажуваме дека начинот на кој ќе се врши електронското потпишување и заверување со електронски печат на здравствената установа на еРецептот при издавање на лекови, подетално ќе биде опишано со Техничко упатство.

Со почит,

**ВД ДИРЕКТОР,**
**Миле Сугарев**

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR,**
**Orhan Ramadani**

Изготвил:
м-р. Даниела Јовческа – Ѓуровска
Согласен:
Јасмина Смилевска